# EARLY DETECTION OF POTENTIAL RISKS IN PREGNANCY, EDUCATION AND TREATMENT

**Katerina Veselinov**
Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
katerina.211706@student.ugd.edu.mk
**ORCID ID:** 0009-0009-5972-3653
**Gordana Panova**
Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
gordana.panova@ugd.edu.mk
**ORCID ID:** 0009-0008-9538-7338

**Abstract:** Pregnancy is a normal physiological process and in most cases, with regular monitoring and provision of evidence-based basic clinical care, usually results in the birth of a healthy newborn. Certain conditions that existed before pregnancy or occurred during pregnancy pose a risk to the health of the fetus and/or pregnant women and can lead to undesirable outcomes such as premature birth, low birth weight, stillbirth, maternal, neonatal or infant death. These conditions primarily include overweight, anemia, hyperglycemia, hypertensive disorders, urogenital infections and intrauterine fetal growth restriction.
By timely recognition of risk factors, through regular gynecological examinations, laboratory analyses, ultrasound examinations and screening tests, it is possible to detect possible complications early and to take appropriate preventive and therapeutic measures. This contributes to reducing maternal and perinatal morbidity and mortality, as well as to improving pregnancy outcomes.
**Keywords**: pregnancy, early detection, potential risks, prenatal care, screening, education, treatment.

# РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ВО БРЕМЕНОСТ, ЕДУКАЦИЈА И ТРЕТМАН

**Катерина Веселинов**
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, С.Македонија,
katerina.211706@student.ugd.edu.mk
**ORCID ID:** 0009-0009-5972-3653
**Гордана Панова**
Факултет за медицински науки, Универзитет, ‚Гоце Делчев“ Штип,С. Македонија,
gordana.panova@ugd.edu.mk
**ORCID ID:** 0009-0008-9538-7338

**Апстракт:** Темата на овој труд се однесува на бременоста како нормален физиолошки процес и во најголемиот дел, со редовно следење и обезбедување на основна клиничка грижа базирана на докази, завршува навремено и со посакуван исход. Одредени состојби кои егзистирале пред бременоста или се јавиле во текот на бременоста, претставуваат ризик за здравјето на плодот и/или на бремената и можат да доведат до непосакуван исход како предвремено раѓање, раѓање на плод со ниска телесна тежина, мртвороденост, матернална или неонатална, односно доенечка смрт. Тоа се во прв ред прекумерната телесна тежина, анемијата, хипергликамијата, хипертензивните нарушувања, урогениталните инфекции и интраутериниот застој во растот на плодот.
Со навремено препознавање на факторите на ризик, преку редовни гинеколошки прегледи, лабораториски анализи, ултразвучни испитувања и скрининг тестови, овозможено е рано откривање на можни компликации и преземање соодветни превентивни и терапевтски мерки. Ова придонесува за намалување на мајчината и перинаталната морбидитет и морталитет, како и за подобрување на исходот од бременоста.
**Клучни зборови:** бременост, рана детекција, потенцијални ризици, пренатална грижа, скрининг.

## 1. ВОВЕД

Бременоста претставува природен физиолошки процес кој во најголем број случаи со навремена пренатална грижа и современи медицински препораки завршува успешно. Сепак, одредени состојби кои постојат пред бременоста или се појавуваат во текот на бременоста може значително да го зголемат ризикот од појава на мајчини и перинатални компликации. Овие состојби го зголемуваат ризикот од појава на несакани исходи, како што се:

- Мајчина или неонатална смрт
- Предвремено породување
- Раѓање на новородено со ниска родилна тежина
- Мртвороденост
- Интраутерина фетална смрт

Најчестите ризик фактори вбројуваат прекумерна телесна тежина, хипергликемија, анемија, хипертензивни заболувања, интраутерин застој на плодот како и урогенитални инфекции.
Навременото следење и откривање на ризик факторите се важен и основен предуслов за навремена примена на превентивни и терапевтски интервенции како скрининг програми, редовни гинеколошки прегледи и лабораториски анализи. Во таа насока се придонесува за намалување на мајчиниот и перинаталниот морбидитет и морталитет, како и подобрување на целокупниот исход на бременоста.

**Гестациски дијабет**

Гестациски дијабетес мелитус претставува типично метаболичко нарушување за првпат дијагностицирано во текот на бременоста. Тоа се случува кога хормоните на плацентата ја намалуваат чувствителноста на инсулин предизвикувајќи инсулинска резистенција. Како последица на тоа доаѓа до намалување на способноста на организмост во искористување на гликозата а со тоа и покачување на нејзината концентрација во крвта. Со тек на бременоста, особено во вториот и третиот семестар настанува зголемување на нивото на плацентарни хормони а со тоа и зголемување на ризикот од развој на гестациски дијабет. Со навремено препознавање и дијагностицирање на состојбата, ризикот од појава на компликации кај мајката и плодот може значително да се намали.
Хипергликемија – покачените вредности на гликоза се поврзани со зголемена зачестеност на прееклампсија, породилни трауми, предвремено раѓање, мртвороденост. Покрај тоа, новородените родени од мајки со гестациски дијабет имаат зголемен ризик за развој на дијабет тип 2 како и кардиоваскуларни заболувања во тек на подоцнежниот живот.

## 2. ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Цел на овој труд е раната детекција на потенцијалните ризици во бременоста, нега, едукација и соодветен третман на состојбите кои значително можат да го загрозат животот на мајката и плодот. Со навремено откривање и препознавање на ризик факторите и редовата пренатална грижа доаѓа до намалување на компликациите, подобрување на квалитетот на живот на мајката и плодот а со тоа и позитивен исход на бременоста.

## 3. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во ова истражување статистички податоци спроведени и обработени од ЈЗУ Клиничка болница-Штип во последните 5 години.
Методите и параметрите кои ќе ги користам се:

1. Анализа на демографски податоци во однос на возраста на трудниците, гестациска недела
2. Присутни потенцијални ризик фактори
3. Компликации во период на бременост
4. Инфекции во бременост
5. Статистика на трудници со гестациски дијабет
6. Број на трудници со хипертензија, анемија, интраутерин застој на плодот

Сите податоци ќе бидат претставени со табели и графикони.

## 4. РЕЗУЛТАТИ

Според добиените резултати можеме да заклучиме дека навременато детекција и редовното следење на трудниците ни овозможува рано препознавање на потенцијалните ризици и навремено преземање мерки за нивно спречување.
Редовните пренатални прегледи и континуираниот мониторинг се од огромно значење за успешно третирање на потенцијалните ризици во бременоста.
Резултатите се презентирани табеларно и графички со цел појасно прикажување на застапеноста и увид на состојбата за постоечките ризици кои го нарушуваат квалитетот на бременоста.

***Табела бр.1 Број на живородени деца во Република Северна Македонија од 2021-2025г.***

| **Година** | **Живородени деца** |
|---|---|
| **2021** | 18648 |
| **2022** | 18073 |
| **2023** | 16737 |
| **2024** | 16061 |
| **2025** | 15850 |

Извор:Државен завод за статистика на Р.Северна Македонија

***Графикон 1: Приказ на бројот на живородени деца***




Извор: Државен завод за статистика на Р.Северна Македонија

***Табела бр.2 Табеларен приказ на проценета застапеност на потенцијални ризици во бременоста***

| **Година** | **Обезитет** | **Анемија** | **Хипертензија** | **Дијабет** | **Интраутерин застој на плодот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2021** | 3730 | 5000 | 1305 | 1492 | 930 |
| **2022** | 3615 | 5420 | 1265 | 1446 | 904 |
| **2023** | 3347 | 5021 | 1172 | 1339 | 837 |
| **2024** | 3212 | 4818 | 1124 | 1286 | 803 |
| **2025** | 3170 | 4755 | 1110 | 1268 | 793 |

Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

***Графикон 2: Приказ на застапени потенцијални ризици во бременост***




Извор: Истражување на авторот

Според дадените табели и претставени графикони можеме да заклучиме дека најзастапен потенцијален ризик кој се јавува во текот на бременоста е анемијата, следена со обезитет, гестациски дијабет, хипертензија како и интраутерин застој на плод како едно од најретките нарушувања.

***Табела бр.3 Проценетата застапеност изразена во проценти %***

| Година | Обезитет | Анемија | Хипертензија | Дијабет | Интраутерин застој на плод |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 8% | 7% | 30% | 20% | 5% |
| 2022 | 8% | 7% | 30% | 20% | 5% |
| 2023 | 8% | 7% | 30% | 20% | 5% |
| 2024 | 8% | 7% | 30% | 20% | 5% |
| 2025 | 8% | 7% | 30% | 20% | 5% |

Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

Според табела број 3, најчеста состојба е хипертензијата

***Графикон 3: Приказ на процентуална застапеност на потенцијалните ризици***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

- Прикажаните податоци се базирани на меѓународни епидемиолошки студии и не се официјални национални регистри.

***Графикон 4: Проценет број на бремени жени со обезитет од 2021-2025***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

- Според прикажаниот графички приказ можеме да утврдиме дека бројот на заболени трудници од обезитет со текот на годините се намалува што се должи на зголемената свесност и подобрата едукација на мајките во репродуктивниот период.

***Графикон 5: Проценет број на бремени жени со хипертензија од 2021-2025***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

***Графикон 6: Проценет број на бремени жени со дијабет од 2021-2025***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

***Графикон 7: Проценет број на бремени жени со анемија од 2021-2025***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

Според прикажаниот графикон, може да се утврди дека бројот на заболени трудници од анемија е значително намален благодарение на подобрената антенатална грижа и зачестеното спроведување на лабораториските контроли како и примената на суплементација при недостаток на железо.

***Графикон 8. Проценет број на бремени жени со интраутерин раст на плодот 2021-2025***




Извор: Истражување на авторот од извештаи и публикации на ИЈЗ, научна литература, студии и трудови

**5. ДИСКУСИЈА**

Анализата на достапната литература покажува дека раната детекција на потенцијалните ризици во бременоста овозможува навремено препознавање и третман на состојбите што можат да доведат до компликации. Редовната пренатална грижа, скрининг-тестовите и континуираното следење на бременоста значително придонесуваат за подобри мајчини и перинатални исходи.

Според обработените податоци од 2021-2025 година, имаме направено увид за значителното намалување на овие состојби, нивното рано откривање и препознавање, редовно следење, превенција, едукација, советување, поддршка на трудниците, подобрата информираност и промовирање на здрави животни навики.

Истражувањето ни покажа присуство во различна застапеност на состојби како анемија, дијабет, хипертензија, обезитет, интраутерин развој на плодот меѓу кои како најчесто можеме да ја издвоиме анемијата и зголемите потреби на железо и фолна киселина во текот на бременоста. Со навременото следење и рутинските лабораториски прегледи, оваа состојба е значително намалена со текот на годините, но сепак присутна.

Како следна и често присутна состојба е обезитетот, потоа хипертензијата, гестацискиот дијабет и како за крај интраутерениот развој на плодот следено од табела бр2.

Забележаното намалување на бројот на трудници со обезитет може да се утврди поради зголемата едукација и промовирање за здравите животни навики.

**6. ЗАКЛУЧОК**

Потенцијалните ризици во бременоста претставуваат важен предизвик за современата пренатална грижа и истите бараат навремена детекција, едукација и третман. Раното откривање на овие ризик фактори ни овозможува навремено преземање превентивни мерки и зачувување и подобрување на исходот на бременоста.

Потенцијалните ризици во бременоста како што се анемијата, како најчест ризик фактор, потоа обезитот, хипертензијата, гестацискиот дијабест и интраутериниот развој на плодот, подредени според податоците кои ги собравме за ова истражување можат да доведат до разни компликации при нивно ненавремено откривање и лекување Од таа причина редовните прегледи и улогата на патронажната

медицинска сестра во процесот на здравствено советување, воспитување, едукација и навремено упатување на трудниците со висок ризик, потоа сите рутинси лабораториски анализи и скрининг тестови имаат клучно значење во превенцијата и намалување на несаканите исходи за мајката и плодот.
Правилното препознавање и менаџирање на потенцијалните ризици придонесува за подобрување на квалитетот на живот на мајката и плодот.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Јанев, С., & Стојановска, М. (2022). *Основи на здравствена нега и сестринска практика*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
Министерство за здравство на Република Северна Македонија. (2022). *Стратегија за унапредување на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита*. Министерство за здравство.
Младеновиќ, М. (2022). *Гинекологија и акушерство*. Белград.
Панова, Г. (2020). *Патронажна здравствена заштита*. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за медицински науки.
Петановски, З. (2021). *Бременост, породување и пуерпериум* (Скрипта). Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
Петровска, А., & Николовска, В. (2021). Континуирана едукација и професионален развој на медицинските сестри. *Здравствена заштита, 47*(2), 45–52.
Симпсон, Џ. Л., Ценифер, Р., & Габбе, С. Г. (2021). *Акушерство: Нормални и проблематични бремености*. Табернакул.
Трајковска, Е. (2022). *Современа сестринска практика и квалитет во здравствената нега*. Медицински факултет.
Boeya, T. (2024). *Handbook of family planning and obstetric care*. Active Commerce.
Fraser, D. M., & Cooper, M. A. (2024). *Myles textbook for midwives*. Elsevier.
National Statistical Institute, & National Center for Public Health and Analysis to the Ministry of Health. (2024). *Healthcare*. София.
Todorova K., (2025). CONTRACEPTION AWARENESS AMONG ADOLESCENTS AND THE ROLE OF FUTURE HEALTH PROFESSIONALS. MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research, 4(3), 55-61.
Yonemoto, N., Dowswell, T., Nagai, S., & Mori, R. (2022). Schedules for home visits in the early postpartum period. *Cochrane Database of Systematic Reviews*.